**Дневник, сабота, 10 февруари 2007**

**Мелница Кадино продолжува со хумани активности**

**Многубројните хумани активности на мелницата „Кадино“ продолжија и во јануари. По втор пат мелницата комплетно ги задоволи месечните потреби за брашно на двете народни кујни што се сместени во црквата „Свети Петар и Павле“ во населба Ѓорче Петров и во „Света Петка“ во населбата Црниче. Во овие кујни се прехранува најсиромашниот слој од населението.**

**Кон апелот на мелницата „Кадино“ до сите компании, кој се одвиваше под мотото „За помош на овие несреќни луѓе“, се приклучи само едно анонимно лице, кое донираше 1.000 килограми брашно.**